# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата

Понеделник, 25 јануари 1965
Скопје
Број 2 Год. XXI

Претплата за 1965 год. изнесува 2.500 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802-11/1-698


3.

На основа член 190 став 4 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 22 јануари 1965 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНИ НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Уставниот закон за измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, што го донесе Републичкиот собор на својата седница одржана на 22 јануари 1965 година, а по кој дадоа согласност Стопанскиот собор, Просветно-културниот собор, Социјално-здравствениот собор и Организационо-политичкиот собор на своите одделни седници, одржани на 22 јануари 1965 година.

Број 1
22 јануари 1965 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ.
**Видое Смилевски,** с. р

## УСТАВЕН ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНИ НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Уставот на Социјалистичка Република Македонија се вршат измени утврдени со овој закон.

Член 2

Во член 48 став 1 зборот „околиите“ и запирката пред него се бришат.

Член 3

Во член 51 став 1 и 2 зборот „околиите“ и запирката пред него се бришат.

Член 4

Во член 52 став 1 зборовите „на околиските собранија и“ се бришат.

Член 5

Во член 55 став 4 се брише.

Член 6

Во член 58 став 3 зборовите „околиските и“ се бришат.

Член 7

Во член 75 став 1 се бришат зборовите: во ред 1 „односно околиите“ а во ред 4 „и околиските“.

Во став 3 зборовите „односно околијата“ се бришат.

Член 8

Во член 76 став 2 зборот „околијата“ и запирката пред него се бришат.

Во став 3 зборот „околиите“ и запирката пред него се бришат.

Член 9

Во член 85 став 3 зборовите „и околиски“ се бришат.

Член 10

Во член 89 ред 4 наместо зборовите на „општинскиот суд“ се ставаат зборовите: „што го избира општинско собрание“.

Член 11

Глава V ОКОЛИЈА со членовите 109—126 се бришат.

Член 12

Во член 127 став 1 т. 3 зборовите „и околиите“ се бришат, а пред зборот „општините“ запирката се заменува со „и“.

Во став 1 точ. 19 и во став 4 зборовите „и околиите“ се бришат.

Член 13

Во член 128 зборовите „и околиите“ се бришат.

Член 14

Во член 133 став 2 се бришат зборовите: во ред 2 и 12 „и околиите“ и во ред 7 „и околиските“

Член 15

Во член 135 став 2 зборовите „или околиските“ се бришат.

Член 16

Член 136 се брише.

Член 17

Во член 137 став 1, 2 и 3 се бришат зборовите „и околиските“ а во став 4 „и околијата“.

Член 18

Во член 138 став 1 се бришат зборовите: во ред 2 „и околијата“, во ред 5 „и околиите“ и во ред 9 „односно околијата“.

Во став 2 се бришат зборовите: во ред 4 „и околиските“ во ред 6 „односно околијата“ а во ред 7 зборот „надоместат“ се заменува со „надомести“.

Член 19

Во член 139 се бришат зборовите: во ред 4 „и околиските“ и во ред 5 „и околиите“

Член 20

Во член 142 став 1 точ. 13 зборовите „и околиските“ се бришат.

Член 21

Во член 149 ред 4 зборовите „на републички суд“ се заменуваат со зборовите „што го избира Собранието“.

Член 22

Во член 158 точ. 3 зборовите „и околиските“ се бришат.

Член 23

Во член 165 став 3 зборовите „или околиско“ се бришат.

Член 24

Во член 209 став 3 се менува и гласи:

„Окружни судови се основаат за подрачје на еден или повеќе општински судови“.

Член 25

Во член 217 став 1 зборовите „и околиите“ се бришат.

Во став 2 зборовите „и околиските“ се бришат.

Член 26

Во член 219 се бришат зборовите: во ред 1 „односно околиското“, во ред 4 „односно околиско“ и во ред 7 „односно околиски“.

Член 27

Член 220 се брише.

Член 28

Член 221 се менува и гласи:

„Извршниот совет има право до одлуката на Уставниот суд на Македонија, да го запре извршувањето на статутот на општината и на пропис или на друг општ акт на општинското собрание ако се во спротивност со Уставот или со законите.

Републичките секретаријати имаат право да го запрат извршувањето на противуставните и незаконитите прописи и други општи акти на советите и органите на управата на општинските собранија и се должни да побараат истовремено од општинското собрание да го поништи или укине прописот односно актот во рок од триесет дена. Ако општинското собрание во определениот рок не го поништи или укине прописот односно актот, републичкиот секретар ќе го извести Извршниот совет“.

Член 29

Член 222 се брише.

Член 30

Во член 223 став 2 зборот „околијата“ и запирката пред него се бришат.

Член 31

Во член 226 став 2 се бришат зборовите: во ред 1 „и околиите“ и во ред 3 „односно околијата“

Член 32

Во член 233 став 1 точ. 4 се бришат зборовите: во ред 2 „и околиите“ и во ред 3 „и околиските“

Во став 1 точка 6 се бришат зборовите: во ред 2 „и околиите“ и во ред 3 и 4 „односно околии и помеѓу општина и околија“.

Во став 1 точка 7 зборот „околиските“ и запирката пред него се бришат.

Во став 2 зборот „околиските“ и запирката пред него се бришат.

Член 33

Во член 235 став 1 точка 5 зборовите „или околиско“ се бришат.

Член 34

Во член 236 став 3 зборовите „или околиско“ се бришат.

Член 35

Главите и членовите се пренумерираат така што:

Глава VI—XI стануваат глава V—X

Членовите 127—135 стануваат членови 109—117

Членовите 137—219 стануваат членови 118—200

Член 221 станува член 201

Членовите 223—242 стануваат членови 202—221

Член 36

Овој закон влегува во сила со денот на неговото прогласување.

---

4.

На основа член 190 став 4 и член 241 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Републичкиот собор одржана на 22 јануари 1965 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, што го донесе Републичкиот собор на својата седница одржана на 22 јануари 1965 година, а по кој дадоа согласност Стопанскиот собор, Просветно-културниот собор, Социјално-здравствениот собор и Организационо-политичкиот собор на своите одделни седници, одржана на 22 јануари 1965 година.

Број 2

22 јануари 1965 година

Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски, с. р.**

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Член 23 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија се менува и гласи:

„Подрачјето на град Скопје се одредува со законот со кој се утврдуваат подрачјата на општините во Социјалистичка Република Македонија“.

Член 2

Во член 25 став 2 се брише.

Член 3

Член 31 се брише.

Член 4

По член 44 се додаваат нови членови со следнава содржина:

„Член 44а

По исклучок од претходниот член, на изборите за избор одборници на општинските собранија што ќе се одржат во 1965 година, ќе се изврши избор на сите одборници на обата собора на собранијата на општините што ќе бидат определени со законот со кој ќе се утврдат подрачјата на општините. На овие избори ќе се изврши избор на сите одборници и на Градското собрание на Скопје.

На половината одборници од секој собор на општинските собранија и на Градското собрание избрани на изборите од претходниот став мандатот им трае две години.

Изборните единици во кои на одборниците на општинските собранија избрани на овие избори мандатот им трае две години ќе се определат со одлуката со која ќе се утврдат изборните единици.

Градското собрание на Скопје, во согласност со општинските собранија од подрачјето на градот, ќе утврди на кои одборници на Градското собрание избрани на овие избори мандатот им трае две години.

Член 44б

На изборите од претходниот член можат да бидат кандидирани и одборниците што биле избрани на првите избори по донесувањето на Уставот на Социјалистичка Република Македонија'

Член 5

Во член 45 став 1 се менува и гласи:

„Изборот на одборниците на општинските собранија од член 44а од овој закон и на Градското собрание на Скопје на местото на оние чиј мандат трае две години ќе се изврши најдоцна во април 1967 година, а на местото на оние чии мандат трае четири години најдоцна во април 1969 година. На одборниците на кои им истекнува мандатот, функцијата им престанува најдоцна на 15 април во годината во која се вршат изборите".

Во став 2 ред 3 и 4 зборот „мај" се заменува со зборот „април", а наместо „15 мај" се става „10 мај".

По сегашниот став 2 се додава нов став 3 со следнава содржина:

„На пратениците на Собранието избрани на изборите во 1963 година во изборните единици чии називи или подрачја ќе се утврдат односно изменат во 1965 година, мандатот им трае до истекот на времето за кое се избрани".

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на неговото прогласување.

5.

На основа член 171 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија издавам

# УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОДРАЧЈАТА НА ОПШТИНИТЕ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за подрачјата на општините во Социјалистичка Република Македонија, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на заедничката седница на Републичкиот собор и Организационо-политичкиот собор, одржана на 22 и 23 јануари 1965 година.

У. бр. 31
23 јануари 1965 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ПОДРАЧЈАТА НА ОПШТИНИТЕ ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Општините во Социјалистичка Република Македонија и нивните подрачја се утврдуваат со овој закон.

Член 2

Општините се:

1. ОПШТИНА БЕРОВО со населените места: Берово, Будинарци, Владимирово, Двориште, Мачево, Негрево, Митрашинци, Панчарево, Пехчево, Ратево, Робово, Русиново, Смојмирово, Умлена, Црник и Чифлик.

Седиштето на Општинското собрание е во Берово.

2. ОПШТИНА БИТОЛА со населените места: Алинци, Арматуш, Бач, Барешани, Балдовенци, Беранци, Бистрица, Битола, Биљаник, Братин Дол, Брод, Брусник, Брник, Будимирци, Будаково, Буково, Вашарејца, Велушина, Велесело, Врањевци, Габалавци, Гермијан, Гнилеш, Гнеотино, Горно Оризари, Горно Егри, Горна Чарлија, Горно Агларци, Гопеш, Граешница, Граддешница, Груништа, Грумази, Далбеговци, Дедебалци, Дихово, Добромири, Добровени, Добрушево, Долно Агларци, Долна Чарлија, Доленци, Долно Оризари, Долно Егри, Долно Орехово, Драгош, Драгарино, Драгожани, Древени, Ѓавато, Жабени, Живојно, Злокуќани, Зовиќ, Ивањевци, Ивени, Карамани, Кажани, Канино, Кишава, Крклино, Крстоар, Кременица, Кравари, Кукуречани, Лавци, Лажец, Лера, Лисолај, Логоварди, Лопатица, Лознани, Маково, Магарево, Маловиште, Мегленци, Мецитлија, Метимир, Могила, Моино, Мусинци, Нижеполе, Новаци, Ново Село, Новоселани, Ношпал, Ново Змирнево, Облаково, Олевени, Оптичари, Орле, Орехово, Острец, Паралово, Подино, Полог, Поешево, Породин, Путурус, Радобор, Рапеш, Рамна, Раштани, Рибарци, Ротино, Свети Тодори, Свиниште, Секирани, Скочивир, Сливница, Снегово, Совиќ, Српци, Средно Егри, Српци, Старавина, Старо Змирнево, Стре-

жево, Суводол, Тепавци, Трап, Трново, Трн, Трновци, Цапари, Црничани, Црновец, Црно Буки.

Седиштето на Општинското собрание е во Битола.

3. ОПШТИНА БРОД со населените места: Белица, Бенче, Битово, Близанско, Брезница, Брес, Брод, Вир, Волче, Горно Крушје, Горно Ботуше, Горно Манастирец, Грешница, Дворци, Девич, Долно Ботуше, Долно Крушје, Долни Манастирец, Драгоедол, Дрениви, Заград, Звечан, Здуње, Зркле, Ижиште, Инче, Калуѓерец, Ковач, Ковче, Косово, Крапа, Латово, Локвица, Лупште, Могилец, Модриште, Пласница, Преглево, Ореовец, Рамно, Растеш, Русјаци, Самоков, Сланско, Слатино, Старо Село, Суво Дол, Сушица, Тажево, Томино Село, Тополница, Требино, Требовље, Црешнево.

Седиштето на Општинското собрание е во Брод.

4. ОПШТИНА ВАЛАНДОВО со населените места: Ајранли, Арзли, Балинци, Баракли, Бајрамбос, Башали, Башибос, Брајково, Булунтули, Валандово, Вејсели, Градец, Грчиште, Дедели, Ѓулели, Јосифово, Казандол, Кочули, Марвинци, Плавуш, Пирава, Пестен, Раброво, Собри, Татарли, Терзели, Удово, Чалакли и Честево.

Седиштето на Општинското собрание е во Валандово.

5. ОПШТИНА ВИНИЦА со населените места Блатец, Виница, Виничка Кршла, Градец, Грљани, Драгобраште, Истибања, Јакимово, Калиманци, Крушево, Лаки, Лески, Липец, Пекљани, Трсино и Црн Камен.

Седиштето на Општинското собрание е во Виница.

6. ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА со населените места: Богданци, Богородица, Габрово, Гевгелија, Горничет, Давидово, Дурутли, Ѓавато, Ѓопчели, Кованци, Конско, Куртамзали, Милетково, Миравци, Моин, Мрзенци, Негорци, Николиќ, Нови Дојран, Органџали, Петрово, Прдејци, Севендекли, Селемли, Серменин, Смоквица, Сретеново, Стари Дојран, Стојаково, Фурка, Црничани, Чаушли, Џумобос, Хума.

Седиштето на Општинското собрание е во Гевгелија.

7. ОПШТИНА ГОСТИВАР со населените места: Аџиевци, Балин Дол, Беловиште, Беличица, Бибај, Битуше, Богдево, Болетин, Бродец, Вележдо, Видуше, Волковија, Врановци, Врапчиште, Врбен, Врбјани, Вруток, Галате, Галичник, Горјане, Горна Бањица, Горна Ѓоновица, Горно Јеловце, Гостивар, Грекај, Градец, Ѓурѓевиште, Дебреше, Добри Дол, Долна Бањица, Долна Ѓоновица, Долно Јеловце, Дуф, Железна Река, Жировница, Жужње, Јанче, Здуње, Зубовце, Калиште, Кичиница, Корито, Кракорница, Куново, Ќафа, Лазарополе, Лакавица, Леуново, Лешница, Ломница, Маврово, Маврови Анови, Митрој Крсти, Мало Турчане, Неготино, Нивиште, Нисторово, Никифорово, Ничпур, Ново Село I, Ново Село II, Орќуше, Падалиште, Печково, Пожаране, Присојница, Равен, Речане, Рибница, Росоки, Ростуша, Селце, Сенце, Сенокос, Симница, Скудриње, Србиново, Сретково, Страјане, Сушица, Тануше, Топлица, Требиште, Трново, Тресонче, Тумчевиште, Форино, Церово, Чајле, Чегране.

Седиштето на Општинското собрание е во Гостивар.

8. ОПШТИНА ДЕБАР со населените места: Баниште, Баланци, Бајрамовци, Бомово, Брештани, Броштица, Власиќи, Гари, Голем Папраник, Горенци, Горно Косоврасти, Горно Мелничани, Дебар, Долгаш, Долно Косоврасти, Долно Мелничани, Евла, Елевци, Житинени, Коњари, Коџаџик, Кочишта, Кривци, Мали Папраник, Могорче, Новак, Осолница, Осој, Отишани, Оџевци, Парешли, Праленик, Рајчица, Селокуќи, Спас, Сушица, Татар Елевци, Трнаник, Хаме, Црнобуки, Цепиште.

Седиштето на Општинското собрание е во Дебар.

9. ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО со населените места: Бигла, Ветрен, Вирче, Вратиславци, Габрово, Град, Делчево, Драмче, Дулица, Звегор,Илиево, Иствевник, Каменица, Киселица, Костин Дол, Ќосевица, Ќосево Дабје, Луковица, Моштица, Нови Иствевник, Очипале, Полето, Разловци, Саса, Селник, Стамор, Тодоровци, Трабодивиште, Турија, Чифлик.

Седиштето на Општинското собрание е во Делчево.

10. ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР со населените места: Бараково, Бабино, Базерник, Белче, Боиште, Брезово, Вардино, Вирово, Голмо Илино, Граиште, Доленци, Единаково, Жван, Железнец, Журче, Загориче, Зашле, Кутретино, Лесково, Мало Илино, Мренога, Мургашево, Ново Село, Обедник, Прибилци, Расово, Ракитница, Света, Сладуево, Слепче, Слоештица, Смилево, Сопотница, Стругово, Суводол, Сувогрло, Утово, Церово.

Седиштето на Општинското собрание е во Мургашево.

11. ОПШТИНА ИДАДИЈА опфаќа дел од подрачјето на градот Скопје на десната страна во средината на река Вардар, почнувајќи од границата на катастарската општина Ѓорче Петров па до средината на Камениот мост на реката Вардар средината на плоштадот Маршал Тито, средината на улиците: Маршал Тито, Железничка, Подвожњакот, „256“ до пресекот со улица „252“ по средината на улица „252“ во Еврејските гробишта, продолжува по средината на постоеќиот пат и јужните граници на катастарските парцели на град Скопје 114, 106, 114, 108 до пресекот со патот за Кисела Вода, продолжува по средината на истиот пат до пресекот со патот Скопје—Сопиште, продолжува по средината на патот Скопје—Сопиште до тромеѓата на месноста Горно Водно, Кисела Вода и Сопиште и населените места: Арнаќија, Бардовци, Бојане, Буковиќ, Влаје, Вучидол, Глумово, Горно Нерези, Горно Свиларе, Грачани, Грачец, Ѓорче Петров, Дворце, Долно Нерези, Долно Свиларе, Злокуќани, Копаница, Кондово, Крушопек, Кучково, Ласкарци, Љубин, Матка, Никиштане, Ново Село, Орман, Оризари, Паничари, Раовиќ, Радуша, Рашче, рудник-Радуша, Сарај, Семениште, Чајлане, Шишево.

Седиштето на Општинското собрание е во Скопје.

12. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ со населените места: Бегниште, Бохула, Бојанчиште, Брушани, Бунарче, Ваташа, Возарци, Галиште, Глишиќ, Горна Бошава, Горниково, Грбовец, Дабниште, Дебриште, Добротино, Долна Бошава, Драгожел, Дреново, Драдња, Кавадарци, Камендол, Кесендре, Клиново, Конопиште, Кошани, Крнево, Крушевица, Куманичево, Мајдан, Марена, Манастирец, Мрежичко, Мрзен Ораовец, Паликура, Праведник, Радња, Раец, Ресава, Рожден, 'Ржаново, Рибарци, Росоман, Сопот, Сирково, Страхово, Трстеник, Фариш, Шешково, Шивец, Чемерско.

Седиштето на Општинското собрание е во Кавадарци.

13. ОПШТИНА КАЛЕ опфаќа дел од подрачјето на градот Скопје од левата страна по средината на реката Вардар и населените места: Ајватовци, Арачиново, Бадар, Бањане, Белимбегово, Блаце, Бразда, Блаце, Брест, Брњарци, Бродец, Бујковци, Булачани, Бунарџик, Бутељ, Бучинци Визбегово, Глуво, Горњане, Горно Коњаре, Горно Оризаре, Градманци, Грушино, Дељадровци, Дивље, Долно Коњаре, Идризово, Иншиково, Јурумлери, Катланово, Катлановска Брезица, Кадино, Кожле, Којнарска Сушица, Кучевиште, Летевци, Љубанци, Љуботен, Марино, Маџари, Миладиновци, Мирковци, Мојанци, Мршевци, Мралино, Огњанци, Орланци, Петровец, Побожје, Радишани, Раштак, 'Ржаничино, Синѓелиќ, Средно Коњаре, Стајковци, Страчинци, Танушевци, Текија Трубарево, Ќојлија, Црешево, Чучер.

Седиштето на Општинското собрание е во Скопје.

14. ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА опфаќа дел од подрачјето на градот Скопје во следните граници: од десната страна по средината на реката Вардар почнувајќи од границите на Општината Идадија и населените места: Алдинци, Барово, Батинци, Вражале, Вртекица, Говрлево, Горно Количане, Горно Лисиче, Горно Солње, Градовци, Гумалево, Дејковец, Добри Дол, Добрино, Долно Количани, Долно Лисиче, Долно Солње, Драчевица, Драчево, Држилово, Елово, Зелениково, Јаболци, Калдирец Малчиште, Маркова Сушица, Морани, Нова Брезница, Ново Село, Орешани, Осинчани, Пагаруша, Палиград, Пакошево, Патишка Река, Ракотинци, Рамни Габер, Света Петка, Смесница, Сопиште, Станица Зелениково, Страхојадица, Студеничани, Таор, Тисовица, Умово, Усје, Цветово, Црвена Вода, Црн Врв, Чифлик.

Седиштето на Општинското собрание е во Скопје.

15. ОПШТИНА КИЧЕВО со населените места: Аранѓел, Атишта, Бачишта, Белица, Бериково, Бигор Доленци, Брждани, Букојчани, Велмевци, Видрани, Вранештица, Гарани, Големо Црско, Горна Душегубица, Горно Добреноец, Горно Строгомиште, Грешница, Длапкин Дол, Долна Душегубица, Долно Добреноец, Долно Строгомиште, Другово, Дупјани, Ехлоец, Жубрино, Зајас, Иванчишта, Извор, Јаворец, Јагол, Јагол Доленци, Јудово, Карбуница, Кичево, Кладник, Кленоец, Кнежино, Козичино, Козица, Колари, Колибари, Крушица, Лавчани, Лазаровци, Лешница, Лисичани, Малкоец, Мамудовци, ~~Манастирец~~, Мало Црско, Мидинци, Миокази, Ново Село, Орланци, Осломеј, Осој, Папрадиште, Патец, Подвис, Пополжани, Попоец, Поповјани, Премка, Пространье, Рабетино, Раштани, Речани-Зајаско, Речани-Челопечко, Светораче, Свињиште, Србица, Србјани, Староец, Стрелци, Тајмиште, Трапчин Дол, Туин, Цер, ~~Доленци~~ Црвивци, ~~Челопеци Црвивци~~, Челопеци, Шутово.

Седиштето на Општинското собрание е во Кичево.

16. ОПШТИНА КОЧАНИ со населените места: Бања, Безиково, Бели, Бурилчево, Видовиште, Вранинци, Врбица, Главовица, Горно Градче, Горни Подлог, Градовци, Долно Градче, Долни Подлог, Жиганци, Зрновци, Јастребник, Костин Дол, Кочани, Кучичино, Лепопелци, Лешки, Мојанци, Мородвис, Небојани, Нивичани, Ново Селани, Ново Село, Облешево, Оризари, Пантелеј, Пашаџиково, Полаки, Пресека, Прибачево, Припор, Рајчани, Речани, Соколарци, Спанчево, Теранци, Тркање, Уларци, Цера, Црвена Нива, Чешиново, Чифлик.

Седиштето на Општинското собрание е во Кочани.

17. ОПШТИНА КРАТОВО со населените места: Близанци, Вакуф, Горно Кратово, Димонце, Емирица, Железница, Живалево, Каврак, Кетеново, Кнежево, Кејково, Коњух, Кратово, Крилатица, Куклица, Куново, Луково, Мушково, Нежилово, Пенџак, Приковци, Секулица, Страцин, Талашманце, Тазомир, Тополовиќ, Трновац, Туралево, Филиповци, Шлегово, Шопско Рудари.

Седиштето на Општинското собрание е во Кратово.

18. ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА со населените места: Баратлија, Бас, Баштево, Борово Варовиште, Ветуница, Вржогрнци, Габар, Герман, Гиновци, Голема Црцорија, Градец, Гулинци, Длабочица, Дренак, Дрење, Добровница, Дурачка Река, Жидилово, Киселица, Конопница, Костур, Кошари, Крива Паланка, Криви Камен, Крклја, Крстов Дол, Лозаново, Луке, Љубинци, Мала Црцорија, Мартиница, Метежево, Милутинце, Мождивјак, Нерав, Одрено, Огут, Опило, Осиче, Отошница, Паклиште, Петралица, Подржи Коњ, Псача, Радибуш, Ранковце, Станча, Станци, Т'лминце, Трново, Узем.

Седиштето на Општинското собрание е во Крива Паланка.

19. ОПШТИНА КРУШЕВО со населените места: Алданци, Арилово, Белушино, Бирино, Борино, Бучин, Врбоец, Горно Дивјаци, Долно Дивјаци, Житоше, Јакрепово, Кочиште, Крушево, Локвени, Милошево, Норово, Острилци, Подвис, Пресил, Пуста Река, Растојца, Саждево, Свето Митрани, Селце.

Седиштето на Општинското собрание е во Крушево.

20. ОПШТИНА КУМАНОВО со населените места: Агино Село, Алашевце, Алгуња, Алинце, Арбанашко, Бајловце, Бедиње, Белановце, Бељаковце, Биљановце, Брешко, Брезак, Буковљане, Вакав, Ваксинце, Винце, Виштица, Војник, Враго-

турце, Враловце, Габрош, Глажња, Горно Коњаре, Гошинце, Градиште, Дејловце, Длабочица, Д'лга, Добрача, Доброшане, Довезенце, Долно Коњаре, Драгоманце, Дренак, Думановце, Жегљане, Желувино, Живиње, Злокуќане, Зубовце, Извор, Јачинце, Канарево, Карабичино, Карловце, Клечевце, Коинце, Кокино, Кокошиње, Колицко, Косматец, Куманово, Кутлибег, Кучкарево, К'шане, Липково, Лојане, Лопате, Љубодраг, Макреш, Малотино, Матејче, М'гленце, Младо Нагоричане, Мургаш, Никуљане, Никуштак, Ново Село, Новоселљане, Обловце, Орашац, Орах, Оризаре, Опае, Осиче, Отља, Пезово, Пелинце, Проевце, Пузаљка, Пчиња, Рамно, Режановце, Речица, Р'нковце, Романовце, Ропалце, Ругинце, Руница, Скачковце, Слупчане, Сопот, Старо Нагоричане, Степанце, Стража, Стрезовце, Стрима, Стрновац, Студена Бара, Сушево, Табановце, Тромеѓа, Умин Дол Цветишница, Цвиланце, Челопек, Черкези, Четирци, Шупли Камен.

Седиштето на Општинското собрание е во Куманово.

21. ОПШТИНА НЕГОТИНО со населените места: Барово, Бесвица, Бистренци, Бруcник, Вешје, Војшанци, Горни Дисан, Демир Капија, Долни Дисан, Драчевица, Дрен, Дуброво, Иберли, Јанушево, Калањево, Клисура, Копришница, Кошарка, Корешница, Криволак, Курија, Липа, Неготино, Пепелиште, Пештерница, Прждево, Сеоба, Стрмашево, Тимјаник, Тремник, Црвени Брегови, Челевец, Чифлик, Цидимирци.

Седиштето на Општинското собрание е во Неготино.

22. ОПШТИНА ОХРИД со населените места. Арбиново, Белчишта, Батун, Брежари, Вапила, Велгошти, Велестово, Велмеј, Волино, Врбјани, Годивје, Горенци, Грко Поле, Горно Лакочереј, Горно Средоречије, Долно Лакочереј, Долно Средоречије, Елшани, Завој, Злести, Издеглавје, Климештани, Конско, Косел, Куратица, Лактиње, Лескоец, Лешани, Ливоиште, Љубаништа, Мешеишта, Мраморец, Ново Село, Оздолени, Опејца, Орман, Оровник, Охрид, Песочани, Плаќе, Пештани, Подмоле, Рамне, Расино, Речица, Свиништа, Слатино, Слатински Чифлик, Сливово, Сирула, Скребатно, Сошани, Требениште, Трпејца, Турје, Црвена Вода, Шипокно.

Седиштето на Општинското собрание е во Охрид.

23. ОПШТИНА ПРИЛЕП со населените места: Алинци, Бело Поле, Бела Црква, Беловодица, Беровци, Бошишта, Бонче, Боротино, Браилово, Варош, Воѓани, Вранче, Врбјани, Веселчани, Вепрчани, Витолишта, Ерпско, Волково, Галичани, Годивле, Големо Коњари, Голем Радобил, Горно Село, Гостиражни, Гудјаково, Дабјани, Дабница, Добреште, Десово, Долгаец, Долнени, Дрен, Дреновци, Дуње, Дупјачани, Жабјани, Ерековци, Живово, Загорани, Забрчани, Заполжани, Зрзе, Канатларци, Кадино Село, Кален, Клепач, Кокре, Кореница, Костинци, Коцино, Кривогаштани, Крстец, Крушевица, Крушеани, Кутлешево, Лажани, Леништа, Лопатица, Мало Мраморани, Мажучиште, Манастир, Марул, Маргари, Мало Коњари, Мал Радобил, Мало Рувци, Мирче Ацев, Небрегово, Никодин, Новоселани, Ново Лагово, Обршани, Ореовец, Пашино Рувци, Пешталево, Пештани, Плетвар, Подмол, Палчиште, Прилеп, Прилепец, Присад, Ракле, Рилево, Ропотово, Сарандиново, Селце, Сенокос, Секирци, Славеј, Слепче, Сливје, Смолани, Средорек, Старо Лагово, Стровија, Топлица, Тополчани, Тројаци, Тројкрсти, Царевиќ, Црнилиште, Чаниште, Чепигово, Чумово, Шелеверци, Штавица.

Седиштето на Општинското собрание е во Прилеп.

24. ОПШТИНА ПРОБИШТИП со населените места: Бунеш, Бучиште, Гајранци, Горни Стубол, Горно Барбарево, Гризилевци, Гујновци, Добрево Долни Стубол, Долно Барбарево, Дренок, Древено, Зарапинци, Зеленград, Злетово, Јаниште, Калмиште, Куково, Кундино, Лезово, Лесново, Маричино, Неокази, Пестришино, Петришино, Пишица, Плешанци, Пробиштип, Пуздерци, Ратавица, Стрмош, Стрисовци, Трипатанци, Троолo, Турско Рудари и Шталковица.

Седиштето на Општинското собрание е во Пробиштип.

25. ОПШТИНА РАДОВИШ со населените места: Аликоч, Алилобаси, Бучин, Воиславци, Габревци, Гарван, Горна Враштица, Горно Липовик, Дамјан, Дедино, Долна Враштица, Долно Липовик, Долни Радеш, Држанци, Дурутлија, Загорци, Злеово, Ињево, Јаргулица, Козчe, Калаузлија, Каралобаси, Каразалар, Калуѓерица, Козбунар, Коцалија, Коселија, Лубница, Негреновци, Ново Село, Оризовица, Папавница, Подареш, Погулево, Покрајчево, Прналија, Радовиш, Ракитец, Раклиш, Саруѓол, Скоруша, Смиланци, Супурге, Сурдулци, Тополница, Худаверлија, Чешме Маале, Шипковица, Шаинташ, Штурово.

Седиштето на Општинското собрание е во Радовиш.

26. ОПШТИНА РЕСЕН со населените места: Асамати, Арвати, Брајчино, Болно, Волкодери, Грнчари, Горна Бела Црква, Горно Дупени, Горно Крушје, Долна Бела Црква, Долно Дупени, Долно Перово, Дрмени, Евла, Езерани, Златари, Избишта, Илино, Јанковец, Козјак, Којнско, Крани, Кривени, Курбиново, Лавци, Лева Река, Лескоец, Љубојно, Наколец, Отешево, Петрино, Подмочани, Покрвеник, Прељубје, Претор, Рајца, Ресен, Сливница, Сопотско, Стење, Стипона, Царев Двор, Штрбово, Шурленци.

Седиштето на Општинското собрание е во Ресен.

27. ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ со населените места: Алакинце, Амзабегово, Арбасанци, Богословец, Бокирлија, Бориловци, Горно Ѓуѓанце, Горно Црнилиште, Горобинци, Делисинци, Долно Ѓуѓанце, Долно Црнилиште, Дорфулија, Ѓуземелци, Ерџелија, Кадрифаково, Каратманово, Кишино, Кнежје, Крушица, Макреш, Малино, Мечкуевци, Милино, Мустафино, Немањица, Нова Мездра, Орел, Павлешенци, Патетино, Пеширово, Преот, Ранчинци, Сарамзалино, Свети Николе, Сопот, Стара Мездра, Стануловци, Стањевце, Стројменце, Трстеник, Коселари, Хаџи Бегово, Хаџи Матово, Џумајлија.

Седиштето на Општинското собрание е во Свети Николе.

28. ОПШТИНА СТРУГА со населените места. Аржаново, Безово, Бицово, Богојци, Боровец, Брчево, Буринец, Вевчани, Велешта, Вишни, Враниште, Глобочица, Горна Белица, Горно Татеши. Делогожди, Добовјани, Долна Белица, Долно Татеши, Драслајца, Дренок, Заграчани, Збажди, Јабланица, Калишта, Корошишта, Лабуниште, Лакајица, Ливада, Ложани, Локов, Луково, Мали Влај, Мислешево, Мислодежда, Модрич, Моришта, Нерези, Ново Село, Октиси, Пискупштина, Подгорци, Поум, Присовјани, Радожда, Радолишта, Селце, Струга, Ташмуруништа, Тоска, Франгово, Цепин, Шум.

Седиштето на Општинското собрание е во Струга.

29. ОПШТИНА СТРУМИЦА со населените места: Ангелци, Бадолен, Бањица, Бањско, Барбарево, Бајково, Белотино, Борисово, Босилово, Бориево, Варварица, Василево, Вељуса, Висока Маала. Владиевци, Водача, Габрово, Гечерлија, Градошорци, Градско Балдовци, Дабиља, Добрејци, Добрешенци, Дорлобос, Дражево, Дрвош, Дукатино, Еднокуќево. Едренилово, Злешево, Зубово, Иловица, Колешино, Костурно, Куклиш, Кушкулија, Мемешли, Мокриево, Мокрино, Моноспитово, Муртино, Нивичино, Нова Маала, Ново Коњарево, Ново Село, Орманли, Петралинци, Пиперово, Попчево, Просениково, Раборци, Радово, Радичево, Рич, Робово, Сарај, Сачево, Свидовица, Седларци. Секирник, Смолари, Старо Балдовци, Старо Коњарево, Стиник, Струмица, Сушево, Сушица, Требичино, Три Води, Турново, Чанаклија, Чепели, Хамзали, Штука.

Седиштето на Општинското собрание е во Струмица.

30. ОПШТИНА ТЕТОВО со населените места: Беловиште, Блаце, Боговиње, Бозовце, Брвеница, Брезно, Бродец, Варвара, Вејце, Вешала, Волковије, Вратница, Гајре, Глоги, Голема Речица, Горна Лешница, Горно Палчиште, Горно Седларце, Групчин, Гургурница, Добарце, Доброште, Долна Лешница, Долно Палчиште, Долно Седларце, Ѓермол, Желино, Жилче, Жеровјане, Јанчиште, Јажинце, Јегуновце, Јадоарце, Јеловјане, Јелошник, Камењане, Копанце, Копачин Дол, Лавце, Ларце, Лешок, Лисец, Луковица, Мала Речица, Мерово, Милетино, Непроштено, Нераште, Ново Село, Новаке, Ново Село, Одри, Озормиште, Орашје, Отуње, Отушиште, Палатица, Пирок, Подбреге, Порој, Првце, Прељубиште, Пршовце, Радиовце, Раковец, Раотинце, Ратае, Рогачево, Рогле, Сараќино, Седларево, Селце, Селце Кеч, Сетоле, Синичане, Сиричино, Слатино, Старо Село, Стенче, Стримница, Теарце, Теново, Тетово, Требош, Туденце, Урвич, Фалише, Церово, Цепчиште, Челопеќ, Чифлик. Шемшево, Шипковица.

Седиштето на Општинското собрание е во Тетово.

31. ОПШТИНА ТИТОВ ВЕЛЕС со населените места: Бабуна, Бањица, Белештевица, Бистрица, Богомила, Бузалково, Бусилци, Ветерско, Витанци, Виничани, Владиловци, Војница, Водоврати, Габровник, Голозинци, Горно Врановци, Горно Јаболчиште, Горно Караслари, Горно Оризари, Горно Чичево, Градско, Грнчиште, Двориште, Долно Врановци, Долно Јаболчиште, Долно Караслари, Долно Оризари, Долно Чичево, Дреново, Еловец, Згрополци, Иванковци, Извор, Капиново, Карабуниште, Клуковец, Кочилари, Крајници, Крива Круша, Крнино, Крушје, Кумарино, Куридере, Лисиче, Лугунци, Мамутчево, Мартолци, Мелница, Мокрени, Нежилово, Новачани, Ногаевци, Ново Село, Ново Село, Оморани, Ораовец, Ораовдол, Ореше, Отовица, Отиштино, Папрадиште, Плевење, Подлес, Поменово, Попадија, Превалец, Раковец Раштани, Рлевци, Рудник, Свеќани, Сливник, Слп, Скачинци, Смилевци, Согле, Сопот, Стари Град, Степанци, Сујаклари, Теово, Титов Велес, Убого, Уланци, Црешнево, Црквино, Чалошево, Чашка, Цимидирци.

Седиштето на Општинското собрание е во Титов Велес.

32. ОПШТИНА ШТИП со населените места: Аргулица, Балталија, Батање, Брест, Врсаково, Вртешка, Голем Габер, Горачино, Горни Балван, Горно Трогерци, Доброшани, Долни Балван, Долно Трогерци, Долани, Драгоево, Ебеплија, Едеклерци, Јамуларци, Јунузлија, Калаузлија, Калапетровци, Карабинци, Кепекчелија, Козјак, Кошево, Криви Дол, Крупиште, Курфалија, Кучилат, Кучица, Лакавица, Лесковица, Липов Дол, Љуботен, Мал Габер, Мичак, Муратлија, Никокам, Нов Караорман, Ново Село, Оцалија, Пенуш, Пиперово, Почилово, Прналија, Припечани, Пухче, Радање, Руљак, Сарчиево, Селце, Скандалци, Софилари, Стар Караорман, Степанци, Суво Грло, Судиќ, Сушево, Танатарци, Таринци, Тестемелци, Топлик, Три Чешми, Хаџи Хамзали, Хаџи Реџепли, Хаџи Сејдели, Црвулево, Црешка, Чардаклија, Шашаварлија, Шопур и Штип.

Седиштето на Општинското собрание е во Штип.

Член 3

Подрачјето на општините Идадија, Кале и Кисела Вода го сочинуваат подрачјето на град Скопје.

Член 4

Споровите за граници помеѓу општините ги решава Извршниот совет.

Член 5

Називите на општините и седиштата на општинските собранија можат да се менуваат само со закон.

Називите на селата може да ги менува Извршниот совет по предлог од собирите на избирачи од соодветното село и согласен заклучок на општинското собрание на општината на чие подрачје се наоѓа селото.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 6

Собранијата на општините Берово, Битола, Гевгелија, Гостивар, Идадија, Кавадарци, Кале, Кисела Вода, Крушево, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово и Титов Велес (во натамошниот текст: новообразувани општини) ќе почнат со ра-

бота на 1 февруари 1965 година, на кој ден престануваат со работа собранијата на општините Берово, Белчишта, Бистрица, Битола, Богданци, Богомила, Василево, Гевгелија, Гостивар, Градско, Дихово, Долнени, Драчево, Ѓорче Петров, Жеровјане, Идадија, Кале, Кавадарци, Конопиште, Косел, Кривогаштани, Крушево, Кисела Вода, Кукуречани, Куманово, Липково, Маврово, Мориово. Новаци, Ново Село, Орашец, Охрид, Пехчево, Петровец, Прилеп, Саат Кула, Саракино, Старо Нагоричане, Струмица, Теарце, Тетово, Тополчани, Титов Велес и Чашка (во натамошниот текст: поранешни општини).

Одредбите од член 7 до член 19 од овој закон се однесуваат само на новообразуваните општини.

На изборите во 1965 година во новообразуваните општини ќе се изврши избор на сите одборници на општинските собранија (чл. 44а од Законот за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на СРМ).

Член 7

До верификацијата на мандатот на одборниците на општинските собранија што ќе се изберат во 1965 година, собранијата на новообразуваните општини ги сочинуваат одборниците на собранијата на поранешните општини избрани на подрачјето што влегува во состав на новообразуваната општина.

Член 8

Конституирањето на собранијата на новообразуваните општини ќе се изврши на 1 февруари 1965 година. На оваа седница тие ќе извршат избор на претседател и потпретседател, ќе образуваат одборнички комисии и совети на општинското собрание, ќе ги изберат нивните членови и ќе именуваат секретар и старешини на органите на управата на општинското собрание кои остануваат на тие должности до пополнувањето на истите по пат на конкурс (вршители на должност). На истата седница ќе се утврди привремената организација на органите на управата и систематизацијата на работните места во нив.

Седницата од претходниот став ќе ја свика претседателот на собранието на поранешната општина на чие подрачје се наоѓа седиштето на собранието на новообразуваната општина.

Член 9

Службениците и работниците на собранијата на поранешните општини ги презема собранието на новообразуваната општина во чиј состав влегло подрачјето на тие општини.

Службениците и работниците на собранијата на поранешните општини што влегле во состав на две или повеќе новообразувани општини, ги презема собранието на онаа новообразувана општина на чие подрачје се наоѓа седиштето на собранието на поранешната општина.

До спроведувањето на конкурс за пополнување на работните места, секретарот на собранието на новообразуваната општина ќе изврши привремен распоред на службениците од претходните ставови.

Службениците и работниците што не ќе бидат привремено распоредени на работни места, се ставаат на располагање согласно член 211 од Законот за јавните службеници.

Член 10

Собранијата на новообразуваните општини, ќе го превземат управувањето со недвижниот имот што се наоѓа на нивното подрачје, а со кој управувале собранијата на поранешните општини, како и сите права и обврски во врска со тој имот. Ако подрачјето на поранешната општина влегло во состав на две или повеќе новообразувани општини, собранијата на тие општини, преку заедничка комисија во која именуваат еднаков број на членови, спогодбено ќе ги расправат споровите за имотните права и обврски во врска со недвижниот имот.

Одредбите од претходниот став ќе се применуваат и на инвентарот на собранијата на поранешните општини, со тоа што инвентарот се распоредува на сите собранија на новообразуваните општини од подрачјето на поранешната општина.

Член 11

Собранијата на поранешните општини ќе ги заклучат сите службени книги со 31 јануари 1965 година.

Со печатите и штембилите на поранешните општини, собранијата на новообразуваните општини во чиј состав влегле нивните подрачја ќе постапат според постојните прописи.

Член 12

Несвршените предмети на собранијата на поранешните општини ги презема собранието на новообразуваната општина според нивната месна надлежност.

Архивата на собранијата на поранешните општини ја превзема собранието на новообразуваната општина на чие подрачје било седиштето на собранието на поранешната општина.

Член 13

Според одредбите на член 12 ќе се постапи и во однос на избирачките списоци и другите книги за граѓанска состојба на граѓаните, како и сите други книги за евиденција на одделни состојби и обврски на граѓаните.

Член 14

Прописите на собранијата на поранешните општини остануваат во сила и ќе се применуваат на подрачјата за кои се донесени до донесувањето на нова одлука од собранието на новообразуваната општина, а најдоцна до 30 јуни 1965 година.

Собранијата на новообразуваните општини ќе донесат, во рок од шест месеци од влегувањето во сила на овој закон, статути на општините.

Член 15

Приходите и расходите на буџетите на поранешните општини остварени до 1 февруари 1965 година, стануваат составен дел на буџетот на новообразуваната општина во чиј состав влегло нивното подрачје.

Ако подрачјето на поранешната општина влегло во состав на две или повеќе новообразувани општини, собранијата на тие општини, во зависност од обемот на обврските за финансирањето на одделни служби или задачи што ги преземаат за подрачјето што влегло во нивен состав, спогодбено ќе ги одредат приходите и расходите на поранешната општина што стануваат составен дел на нивните буџети. Ако општинските собранија не постигнат спогодба, по спорот одлучува Извршниот совет.

Член 16

Завршните сметки за извршување на буџетите на поранешните општини за 1964 година, ќе се поднесат на одобрување на собранијата на новообразуваните општини во чиј состав влегло нивното подрачје. Тие спогодбено ќе одлучат за расподелбата на вишокот на приходи односно обврските создадени до 31 декември 1964 година сходно на член 15 став 2 на овој закон. Ако тие не постигнат спогодба, по спорот одлучува Извршниот совет.

Завршните даночни сметки ги донесува собранието на новообразуваната општина на чие подрачје било седиштето на собранието на поранешната општина.

Член 17

Фондовите на поранешните општини престануваат да постојат на 1 февруари 1965 година.

Средствата на тие фондови и нивните права и обврски со положба на тој ден, се пренесуваат на соодветниот фонд на новообразуваната општина Ако општината нема соодветен фонд, средствата ќе се пренесат на посебна сметка на општината.

Пренесените средства од укинатите фондови ќе се употребат првенствено за ликвидирање на обврските на тие фондови создадени до 1 февруари 1965 година.

Ако подрачјето на поранешната општина влегло во состав на две или повеќе новообразувани општини, собранијата на тие општини, применувајќи ги начелата од член 15 од овој закон, ќе ги распоредат средствата на фондовите на поранешните општини, како и правата и обврските на тие фондови и со така распоредените средства ќе се постапи според став 2 и 3 на овој член.

Член 18

Органите на управување на фондовите на поранешните општини престануваат со работа на 1 февруари 1965 година.

Службениците и работниците на фондовите од став 1 стануваат службеници на соодветниот фонд на новообразуваната општина.

Ако општината нема соодветен фонд службениците и работниците на укинатиот фонд стануваат службеници на собранието на онаа општина на чие подрачје било седиштето на укинатиот фонд и на нив ќе се применуваат одредбите од став 3 и 4 на член 9 од овој закон.

Според претходниот став ќе се постапи и со службениците и работниците на укинатите фондови на општината чие подрачје влегло во состав на две или повеќе новообразувани општини.

Член 19

Со инвентарот, службените книги, печатите и штембилите, архивата, и со завршните сметки на фондовите од претходниот член, ќе се постапи сходно на одредбите од чл. 10, 11, 12 и 16 од овој закон.

Член 20

Собранијата на околиите, чии престанок е утврден со Уставниот закон за измени на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, и нивните органи, престануваат со работа на 1 февруари 1965 година.

Престанокот со работа од претходниот став не се однесува на органите на просветно-педагошката служба, на околиските судии за прекршоци и советите за прекршоци и на органите за статистичка служба на околиските собранија. Тие органи ќе продолжат да ги вршат работите од својот делокруг на подрачјето на кое делувале до 1 февруари, до усогласувањето на соодветните прописи со уставот односно до образувањето на статистичка служба при собранијата на општините.

Собранијата на општините од подрачјето на кое делуваат тие органи спогодбено ќе ги вршат правата и должностите што према нив ги вршело собранието на околијата до 1 февруари 1965 година.

Издатоците за финансирањето на тие органи паѓаат на товар на општините на чие подрачје тие делуваат.

Член 21

До усогласувањето на Законот за јавните службеници со уставот, собранијата на општините ќе образуваат одделни дисциплински судови за службениците од своето подрачје на кои се применуваат одредбите за надлежност и состав на околиските дисциплински судови од тој закон.

Судовите образувани според претходниот став, ќе ги преземат несвршените предмети од дисциплинските судови на околиските собранија според подрачјето на кое е извршен дисциплинскиот престап.

Со свршените предмети на дисциплинските судови на околиските собранија ќе се постапи според член 27 став 1 од овој закон.

Член 22

Недвижниот имот со кој управувале околиите и правата и обврските во врска со тој имот се пренесуваат на општината на чие подрачје е имотот.

Останатите имовински права и обврски на околиите, доколку со овој закон не е поинаку одредено, ги преземаат општините од подрачјето на соодветната околија според местото на објектот заради кој настанале тие права и обврски.

Член 23

Приходите по буџетите на околиите остварени до 1 февруари 1965 година, стануваат составен дел на буџетот на Републиката.

Извршените расходи по буџетите на околиите до 1 февруари 1965 година и обврските на тие

буџети што настанале до тој ден, паѓаат на товар на нераспоредениот дел на приходите на буџетот на Републиката.

Финансирањето на установите и другите работни организации што до 1 февруари 1965 година е вршено од буџетите на околиите, го презема општествено-политичката заедница чиј орган ќе ги врши правата на основач спрема тие установи односно организации.

Завршните сметки за извршување на буџетите на околиите за 1964 година ќе се поднесат на одобрување на собранијата на општините од нејзиното подрачје и тие спразумно ќе одлучат за поделбата на вишокот на приходите односно за обврските создадени до 31 декември 1964 година сходно на член 29 став 2 на овој закон. Ако тие не постигнат спогодба, по спорот одлучува Извршниот совет

Дотацијата на општествено-политичките и други општествени организации што е обезбедувана од буџетите на околиите, од 1 февруари 1965 година ќе ја обезбедуваат општините на чие подрачје тие организации делуваат.

Член 24

Службениците и работниците на собранијата на околиите, освен службениците од член 20 став 2 од овој закон; ќе ги преземе Републичкиот секретаријат за буџет и организација на управата во чија претсметка ќе се обезбедат средства за тие службеници и работници.

Службениците и работниците што не ќе бидат распоредени на работни места се ставаат на располагање согласно член 211 од Законот за јавните службеници.

Член 25

Собранијата на околиите ќе ги заклучат сите службени книги со 31 јануари 1965 година.

Со печатите и штембилите на собранијата на околиите ќе се постапи според постојните прописи.

Член 26

Инвентарот на собранијата на околиите ќе се пренесе на општините од подрачјето на соодветната околија.

Расподелбата на инвентарот на општини ќе ја изврши комисијата од член 28 на овој закон.

Против решенијата на комисијата заинтересираните општински собранија можат, во рок од 15 дена, да изјават жалба до Извршниот совет.

Член 27

Несвршените предмети на околиските собранија, ќе се предадат на собранието на општината според месната надлежност односно на републичките органи надлежни за одлучување според посебни прописи.

Архивата на околиското собрание ќе ја преземе собранието на општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на околиското собрание преку посебна комисија.

Преземањето и предавањето на предметите на архивата на околиските собранија се врши записнички и комисијата за тоа поднесува извештај на општинското собрание на кое му се предава архивата на чување.

Член 28

Претседателот на собранието на околијата, со влегувањето во сила на овој закон, ќе образува комисија која ќе ги утврди правата и обврските на околијата кои според член 22 став 2 и член 29 од овој закон се распоредуваат на општините од нејзиното подрачје и ќе изврши распоред на тие права и обврски по општини.

По споровите што ќе настанат со распоредот од претходниот став одлучува Извршниот совет.

Член 29

Фондовите на околиите престануваат да постојат на 1 февруари 1965 година.

Средствата на тие фондови и нивните права и обврски со положба на 31 јануари 1965 година ќе се пренесат на соодветните фондови на општините од подрачјето на околијата сразмерно на обврските што ги презела општината со проширување на подрачјето, а кои се финансирале од соодветниот фонд на околијата.

Ако општината нема соодветен фонд, средствата распоредени според претходниот став ќе се пренесат на посебна сметка на соодветната општина.

Пренесените средства од укинатите фондови ќе се употребат првенствено за ликвидирање на обврските на тие фондови што се создадени до 1 февруари 1965 година.

Одредбите од став 2 и 3 нема да се применуваат на околиските фондови за патишта односно на средствата за патишта на околиите предвидени со нивните буџети или на друг начин. Тие средства како и правата и обврските во врска со нив преминуваат на Републичкиот фонд за патишта со положба на ден 31 јануари 1965 година.

Член 30

Органите на управување со фондовите на околиите престануваат со работа на 1 февруари 1965 година.

Одредбите на член 18 став 2, 3 и 4 од овој закон ќе се применуваат и на фондовите на околиите.

Член 31

Се овластува Републичкиот секретар за буџет и организација на управата да донесе поблиски прописи за начинот на преземањето на архивите на поранешните општини и на околиите, како и за ставањето на располагање на службениците на општинските и околиските собранија и нивните фондови (член 9, 12, 18, 19, 21, 24, 27 и член 30 став 2).

Се овластува Републичкиот секретар за финансии да донесе поблиски прописи за начинот на пренесувањето на недвижниот имот, средствата и инвентарот на општините и околиите и нивните фондови и за составувањето и донесувањето на завршните сметки (член 10, 15, 16, 17, 19, 22, 23, 26, 28 и 29).

Се овластува Републичкиот секретар за внатрешни работи да донесе поблиски прописи за начинот на преземање на книгите за граѓанската состојба на граѓаните.

Се овластува Републичкиот секретар за законодавство и организација да донесе поблиски прописи за преземање на избирачките списоци.

Поблиски прописи за спроведување на член 13 во однос на останатите книги за евиденција на одделни состојби и обврски на граѓаните се овластуваат да донесат и соодветните републички секретари секој во делокруг на својот секретаријат.

Член 32

Со влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат Законот за подрачјата на околиите и општините во Народна Република Македонија („Службен весник на НРМ" бр. 19/57) и Законот за менување подрачјата на одделни општини во Народна Република Македонија („Службен весник на НРМ" бр. 3/62).

Член 33

Овој закон влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**6.**

На основа член 171 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија издавам

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија што Собранието го донесе на заедничка седница на Републичкиот собор и Организационо-политичкиот собор, одржана на 22 и 23 јануари 1965 година.

У. бр. 30
23 јануари 1965 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во член 3 став 3 од Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Сл. весник на СРМ" бр. 15/63) зборот „мај" се заменува со зборот „април".

Во став 4 наместо „15 мај" се става „10 мај".

Член 2

Во член 11 став 2 зборовите „еден месец" се заменуваат со „15 дена".

Член 3

Во член 30 зборовите „околиски изборни комисии" и запирката пред нив се бришат.

Член 4

Во член 31 став 2 зборовите „околиските и" се бришат.

Член 5

Во член 32 став 1 зборовите „околиските и" се бришат.

Во став 2 ред 3, 4 и 5 зборовите „а претседателите на околиските изборни комисии и нивните заменици од редот на судиите" и запирката пред нив се бришат.

Член 6

Во членот 33 се додава нов став 3 кој гласи:

„Републичката изборна комисија определува кои изборни акти ѝ ги доставува општинската изборна комисија, како и начинот на нивното доставување, а може да определи некои изборни акти да чува општинската изборна комисија до определен рок".

Сегашниот став 3 станува став 4.

Член 7

Член 34 се брише.

Член 8

Во член 39 став 3 зборовите „Околиската и" се бришат.

Член 9

Во член 51 зборовите „една петина" се заменуваат со „една десетина".

Член 10

Во член 67 зборовите „една петина" се заменуваат со „една десетина".

Член 11

Член 96 се менува и гласи:

„Кога за избор на пратеници на Републичкиот собор во една изборна единица има еден кандидат, кандидатот е избран во општинското собрание ако добил мнозинство гласови од сите одборници на собранието. Ако во изборната единица има два или повеќе кандидати, освен кандидатот што добил мнозинство гласови од сите одборници на собранието, е избран и кандидатот што добил најмалку една третина од гласовите на сите одборници на собранието.

Ако имало два или повеќе кандидати и ни еден кандидат не добил мнозинство од сите гласови на одборниците на општинското собрание, избрани се оние двајца или повеќе кандидати што добиле најмалку по една третина од гласовите на сите одборници на собранието.

Во случај да не се постигне мнозинството предвидено во став 1 и 2 од овој член гласањето се повторува. Ако ниту на повторниот избор ни еден кандидат не добие потребен број гласови, целата изборна постапка се повторува".

Член 12

По член 96 се додава нов член 96а кој гласи:

„Кога изборната единица ја сочинуваат две или повеќе општини и за избор на пратеник на Републичкиот собор има еден кандидат, кадидатот е избран ако во секое општинско собрание од подрачјето на изборната единица добил мнозинство на гласови од сите одборници на собранието. Ако во изборната единица имало два или повеќе кандидати, освен кандидатот што добил мнозинство гласови од сите одборници на собранието, избран е кандидатот што во секое општинско собрание од подрачјето на изборната единица добил најмалку една третина гласови од сите одборници на собранието.

Ако во изборната единица има два или повеќе кандидати и ни еден кандидат не добил мнозинство гласови од сите одборници на секое општинско собрание избрани се оние двајца или повеќе кандидати што во секое општинско собрание од подрачјето на изборната единица добиле најмалку по една третина од гласовите на сите одборници на секое општинско собрание.

Во случај ни еден кандидат да не добие потребен број гласови предвидени во став 1 и 2 од овој член, гласањето се повторува. Ако ниту на повторниот избор ни еден кандидат не добие потребен број гласови, целата изборна постапка се повторува".

Член 13

Во член 100 став 1 се менува и гласи:

„На пратениците избрани во Стопанскиот, Просветно-културниот, Социјално-здравствениот и Организационо-политичкиот собор надлежната општинска изборна комисија им издава уверенија за тоа дека се избрани за пратеници".

По ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:.

„По утврдувањето на резултатот на изборите во изборната единица, општинската изборна комисија најитно ќе и ги достави на Републичката изборна комисија, согласно одредбите на овој закон, изборните акти за избор на пратеници за соборите на работните заедници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија".

Сегашните ставови 2 и 3 стануваат 3 и 4.

Член 14

Член 101 се менува и гласи:

„Општинската изборна комисија е должна, по утврдувањето на резултатот од изборите за пратеници на Републичкиот собор во општинското собрание односно општинските собранија најитно да ѝ ги достави на Републичката изборна комисија изборните акти, согласно одредбите на овој закон".

Член 15

Во член 120 став 1 се менува и гласи:

„Избирачот, што на денот на изборите не се наоѓа во местото каде што е запишан во избирачкиот список, може да гласа во местото во кое се наоѓа на денот на изборите но само во изборната единица во која се наоѓа неговото живеалиште и тоа на основа на потврда од надлежниот орган дека е внесен во избирачкиот список".

Член 16

Во член 129 став 2 зборовите „преку околиската изборна комисија" се бришат.

Член 17

Во член 131 став 3 се менува и гласи:

„По утврдувањето на резултатот од изборите во изборната единица, општинската изборна комисија најитно ќе ѝ ги достави на Републичката изборна комисија, согласно одредбите од овој закон, изборните акти за избор на пратеници на Републичкиот собор".

Член 18

Во член 132 став 1 ред 7 зборовите „сите изборни" се заменуваат со „изборните".

Член 19

Во член 142 ред 5 и 8 зборовите „една третина" се заменуваат со „една петина".

Член 20

Во член 143 зборовите „една третина" се заменуваат со „една петина".

Член 21

Во член 145 став 2 се менува и гласи:

„Предлогот за свикување на собири на работните луѓе во работна организација односно во работна единица за покренување на постапка за отповикување на пратеник на собор на работните заедници на собранието, се доставува на претседателот на работничкиот совет или нему соодветниот орган на управување на работната организација односно на претседателот на советот на работната заедница во државен орган, општествено-политичка организација или здружение (свикувач на собирот) а за тоа истовремено се известува и надлежната општинска изборна комисија.

Во работните заедници на државните органи, општествено-политичките организации и здруженијата во кои не постојат органи на самоуправување предлогот од претходниот став му се доставува на старешината на државниот орган односно на раководниот функционер на организацијата или здружението".

Член 22

Член 179 се менува и гласи:

„Во работните заедници во државните органи, општествено-политичките организации и здруженијата во кои не постојат органи на самоуправување, за пратеници на Организационо-политичкиот собор на изборите што ќе се одржат во 1965 година можат да бидат избирани членовите на извршните одбори на синдикалните организации во тие органи, општествено-политички организации односно здруженија".

Член 23

Член 180 се менува и гласи:

„До донесувањето на закон односно статут со кој ќе се регулира кој се смета како член на задругата, право да учествуваат на собирите на работните луѓе што се одржуваат за предлагање пратенички кандидати за Стопанскиот собор, покрај земјоделците — членови на задругата или друга работна организација во областа на земјоделството имаат, и членовите на нивните домаќинства што се занимаваат со земјоделство".

Член 24

Член 181 се брише.

Член 25

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието да го утврди пречистениот текст на Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**7.**

**На основа член 171 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија издавам**

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ОДБОРНИЦИ НА ОПШТИНСКИТЕ И ОКОЛИСКИТЕ СОБРАНИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на одборници на општинските и околиските собранија, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на заедничката седница на Републичкиот собор и Организационо-политичкиот собор, одржана на 22 и 23 јануари 1965 година.

У. бр. 29
23 јануари 1965 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Видое Смилевски**, с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ОДБОРНИЦИ НА ОПШТИНСКИТЕ И ОКОЛИСКИТЕ СОБРАНИЈА

Член 1

Насловот на Законот за избор на одборници на општинските и околиските собранија („Службен весник на СРМ" бр. 15/63) се менува и гласи:

„Закон за избор на одборници на општинските собранија и Градското собрание на Скопје.

Член 2

Во член 1 зборовите „и околиското" се бришат а по зборот „собрание" се додаваат зборовите „и Градското собрание на Скопје (во натамошниот текст Градско собрание)".

Член 3

Член 4 се менува и гласи:

„Одборниците на Градското собрание ги избираат општинските собранија од подрачјето на град Скопје од редот на своите одборници сразмерно со бројот на жителите на општината".

Член 4

Член 5 се менува и гласи:

„Бројот на одборниците на општинското собрание се утврдува со статутот на општината со оглед бројот на жителите на општината, со тоа што не може да биде помал од 20 ни поголем од 70 одборници за секој собор на општинското собрание".

Член 5

Во член 6 став 2 се менува и гласи:

„Избори за одборници на Градското собрание распишува Градското собрание".

Во став 3 зборовите: „еден месец" се заменуваат со „15 дена".

Член 6

Член 7 се менува и гласи:

„Ако на одборниците на општинското и Градското собрание им е продолжен мандатот, Собранието на Социјалистичка Република Македонија ќе распише избори најдоцна во рок од седум дена по престанокот на причините заради кои мандатот им бил продолжен".

Член 7

Во член 10 став 2 се менува и гласи:

„Именуван функционер и службеник што му одговара на Градското собрание не може истовремено да биде одборник на Градското собрание".

Член 8

Член 14 се менува и гласи:

„Одборниците на општинското односно Градското собрание се избираат за време од четири години.

Секои две години се врши избор на половината одборници на секој собор на општинското и Градското собрание".

Член 9

Во член 15 став 1 пред зборот „април" се става „најдоцна".

Став 2 се менува и гласи:

„Почетокот на траењето на мандатот се смета од денот на верификацијата на мандатот".

По овој став се додава нов став 3 кој гласи:

„Мандатите на новоизбраните одборници се верифицираат најдоцна до 15 април во годината во која се вршат изборите. Со денот на верификацијата на мандатите на новоизбраните одборници им престанува мандатот на поранешните одборници".

Став 3 станува став 4.

Член 10

Во член 16 став 3 се менува и гласи:

„Кандидати за одборници на Градското собрание има право да предлага секој одборник на општинското собрание во кое се врши избор на одборници на Градското собрание. Предложениот кандидат се внесува во списокот на кандидатите ако предлогот го подржат уште четири други одборници".

Член 11

Во член 18 став 3 се менува и гласи:

„За одборник на Градското собрание е избран кандидатот што добил мнозинство од гласовите на сите одборници од општинското собрание"

Член 12

Член 20 се менува и гласи:

„На одборник на Градското собрание му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран:

1) со престанување на мандатот на одборник на општинското собрание;

2) со отповикување од страна на општинското собрание што го избрало во Градското собрание;

3) со уважување на оставка од страна на соборот чиј е член;

4) ако настапи случај на неспоивост на одборничката функција со друга функција или служба,

5) со смрт на одборникот".

Член 13

Во член 21 став 2 се менува и гласи:

„Одборникот на Градското собрание може да го отповика општинското собрание што го избрало".

Член 14

Во член 22 ставовите 2, 3 и 4 се менуваат и гласат:

„Одборникот на Градското собрание е отповикан, ако за отповикувањето гласало мнозинство од сите одборници на општинското собрание.

На отповиканиот одборник на општинското собрание што бил избран за одборник на Градското собрание му престанува мандатот во Градското собрание.

На отповикан одборник на Градското собрание не му престанува мандатот во општинското собрание".

Член 15

Член 23 се менува и гласи:

„На одборник на општинското односно Градското собрание што е отповикан му престанува одборничката функција од денот кога соодветното собрание ќе утврди дека мандатот му престанал со отповикување“.

Член 16

Во член 28 став 1 ред 4 по зборот „кандидирањето“ се додава „на одборници“.

Став 2 се менува и гласи:

„Според одредбите од претходниот став ќе се постапи и во случај кога во општинското собрание се вршат во ист ден избори за Градското собрание и за Собранието на Социјалистичка Република Македонија односно за Сојузната скупштина“.

Член 17

Во член 30 став 1 се менува и гласи:

„Изборни комисии се: Републичка изборна комисија, Градска изборна комисија и општински изборни комисии“.

Член 18

Во член 32 став 1 се менува и гласи:

„Градската и општинската изборна комисија ги сочинуваат претседател, секретар и еден член“.

Член 19

Член 33 се менува и гласи:

„Градската изборна комисија ја именува Градското собрание, а општинските изборни комисии ги именуваат општинските собранија.

Претседателот на Градската изборна комисија и неговиот заменик се именуваат од редот на судиите. Претседателите на општинските изборни комисии и нивните заменици се именуваат од редот на судиите, а во недостиг на судии можат да се именуваат и од редот на други лица што имаат правна спрема односно лица што постојано работат на правни работи.

Составот и измените во составот на Градската и општинските изборни комисии се објавуваат во службено гласило на Градското односно општинското собрание“.

Член 20

Член 35 се менува и гласи:

„Градската изборна комисија:

1) се грижи за законито спроведување на изборите за одборници на Градското собрание;

2) раководи со спроведувањето на изборите за одборници на Градското собрание и ги објавува резултатите од овие избори“.

Член 21

Член 39 се менува и гласи:

„Општинските изборни комисии, Градската изборна комисија и избирачките одбори можат полноважно да одлучуваат само во полн состав, а одлуките ги донесуваат со мнозинство на гласови на своите членови“.

Член 22

Во член 53 ред 5 и 8 зборовите „една третина“ се заменуваат со „една петина“.

Член 23

Во член 103 став 2 се менува и гласи:

„Еден примерок од извештајот ќе и се достави на Републичката изборна комисија“.

Член 24

Во член 120 зборовите „една третина“ се заменуваат со „една петина“.

Член 25

Глава V со членовите 131 — 148 се менува и гласи:

„Избор на одборници на Градското собрание на Скопје

Член 131

Собранијата на општините од подрачјето на град Скопје го избираат во Градското собрание оној број на одборници што одговара на односот помеѓу бројот на жителите на општината и на Градот.

Член 132

Одборниците на Градското собрание општинските собранија ги избираат за секој собор на Градското собрание од редот на членовите на своите собори и тоа во еднаков број од секој собор.

Член 133

Изборите на одборници на Градското собрание се вршат на заедничка седница на соборите на општинското собрание.

Член 134

Со изборот на одборниците на Градското собрание на седницата на општинското собрание раководи претседателот на општинското собрание, со помош на два одборника што ќе ги определи собранието од редот на своите членови.

Ако претседателот на општинското собрание е кандидат за одборник на Градското собрание со изборот раководи одборник што ќе го определи собранието.

Член 135

Откако ќе утврди дека општинското собрание може полноважно да одлучува претседавачот го известува собранието за бројот на одборниците што се избира и го објаснува начинот на изборот.

Член 136

Секој одборник на општинското собрание што ќе го подржат уште четири други одборници, може да предложи еден или повеќе кандидати. Бројот на кандидатите може да биде и поголем од бројот на одборниците што се избираат за Градското собрание.

Член 137

По свршеното предлагање на кандидатите претседавачот ги објавува имињата на сите предложени кандидати.

Член 138

Гласачкото ливче содржи:

1) назив на Градското собрание и означување на соборот за кој се врши изборот;

2) назив на општинското собрание што го врши изборот;

3) назначување колку одборници на Градското собрание се избираат од редот на одборниците на секој собор;

4) фамилијарно, татково, родено име на предложените кандидати.

На гласачкото ливче имињата на кандидатите се наведуваат одделно за секој собор според редот по кој биле предложени.

Пред името на секој кандидат се става реден број.

Член 139

Секој одборник на општинското собрание добива по едно гласачко ливче.

Гласачките ливчиња на одборниците им се предаваат по список.

Член 140

Секој одборник гласа за онолку кандидати колку што општинското собрание избира одборници на Градското собрание.

Одборникот гласа на тој начин што го заокружува редниот број пред името на кандидатот за кој сака да гласа и тоа само за кандидатите чии имиња се напишани во гласачкото ливче.

Член 141

По свршеното гласање се пристапува кон утврдување на резултатите од гласањето сходно одредбите за утврдување на резултатите на гласањето за избор на одборници на општинското собрание.

Член 142

За одборници на Градското собрание се избрани кандидатите што добиле мнозинство на гласови од сите одборници на општинското собрание.

Ако не биде избран определен број одборници изборот се повторува меѓу кандидатите што не го добиле мнозинството од претходниот став. Пред повторното гласање предлагачите можат да ги повлечат предложените кандидати и да предложат нови а одделни кандидати можат да се откажат од кандидатурата.

Повторниот избор се врши на истата седница на собранието се додека не се избере определениот број одборници.

Член 143

Резултатот на изборите го објавува претседавачот на истата седница на општинското собрание.

Претседавачот на општинското собрание на избраните одборници им издава уверение за изборот.

Член 144

За седницата на општинското собрание на која се врши избор на одборници на Градското собрание се води записник, во кој се внесува особено: вкупниот број на одборниците и бројот на присутните одборници од секој собор на општинското собрание; бројот на одборниците на Градското собрание што ги избира општинското собрание; фамилијарно, татково и родено име на кандидатите и на избраните одборници и колку гласови добил секој од кандидатите; податоци за неважните гласачки ливчиња.

Во записникот се внесуваат и сите други околности од значење за правилноста на изборите.

Записникот го потпишуваат претседавачот и записничарот.

Член 145

Претседавачот најдоцна во рок од три дена го доставува во посебен омот сиот изборен материјал (гласачките ливчиња, списокот на одборниците, оверен препис од записникот од седницата) на Градската изборна комисија.

Член 146

Градската изборна комисија на основа изборните акти утврдува дали изборот на одборниците на Градското собрание е извршен според одредбите на овој закон.

Ако изборната комисија утврди неправилности во спроведувањето на изборите што влијае или можеле да влијаат на резултатите на изборите ќе го поништи изборот и ќе определи спроведување на повторен избор во општинското собрание во кое се извршиле неправилностите.

Член 147

За својата работа Градската изборна комисија води записник, во кој за секое општинско собрание внесува особено: колку кандидати имало во општинското собрание за секој собор на Градското собрание како и фамилијарно, татково и родено име на секој кандидат; вкупен број на одборниците на секој собор на општинското собрание како и бројот на одборниците што присуствувале на седницата на која е извршен изборот; вкупен број на предадени гласачки ливчиња, како и бројот на гласовите што ги добиле одделни кандидати и број на неважните гласачки ливчиња; фамилијарно, татково и родено име на кандидатите избрани за одборници на Градското собрание.

Во записникот се внесуваат и други околности од значење за правилноста на изборите.

Записникот го потпишуваат сите членови на Комисијата. Секој член на Комисијата има право да издвои мислење и да стави забелешки.

Член 148

Градската изборна комисија на основа на изборните акти на Градското собрание му поднесува извештај за резултатот од изборите во секое општинско собрание и му го доставува целиот изборен материјал.

Градската изборна комисија го објавува извештајот за резултатот од изборите за Градското собрание во службеното гласило на град Скопје".

Член 26

Член 149 се брише.

Член 27

Во член 152 став 2 се менува и гласи:

„Предлозите на кандидатурите за нови кандидати на општински одборници се поднесуваат најдоцна десет дена пред денот определен за спроведување на изборите, а предлозите за нови кандидати за градски одборници се поднесуваат на седницата на која се врши повторниот избор".

Член 28

Член 154 се менува и гласи:

„Повторните избори на општинските одборници се вршат во рок од 14 дена по одржаните избори, односно по верификацијата на мандатите, а повторните избори за одборници на Градското собрание — на првата наредна седница на општинското собрание, освен во случајот од член 142 од овој закон".

Член 29

Член 156 се менува и гласи:

„Дополнителни избори се вршат кога на одборник на општинско собрание односно на одбор-

ник на Градското собрание му престане мандатот пред истечувањето на времето за кое бил избран".

Член 30

Член 158 се менува и гласи:

„Во случај на престанување мандатот на одборник на Градското собрание, соодветниот собор на општинското собрание ќе изврши избор на нов одборник на седницата на која е констатиран престанок на мандатот на одборник на Градското собрание".

Член 31

Во член 183 став 3 се менува и гласи:

„За резултатот од гласањето за отповикувањето комисијата писмено ќе го извести одборникот на општинското собрание за чие отповикување се гласало".

Член 32

Подглавата Б со членовите 184 и 185 се менува и гласи:

„Б) Отповикување на одборници на Градското собрание

Член 184

Постапка за отповикување на одборник на Градското собрание се покренува по предлог од најмалку една третина од одборниците на општинското собрание или по иницијатива на Градското собрание ако одборникот неоправдано отсуствува најмалку 6 месеци непрекинато од седниците на Градското собрание односно на соборот чиј е член.

Член 185

По предлогот за покренување постапка за отповикување на одборник на Градското собрание одлучува општинското собрание што го избрало одборникот во Градското собрание.

Општинското собрание претходно одлучува дали ќе пристапи кон гласање за отповикувањето.

Ако општинското собрание одлучи да се пристапи кон гласање за отповикување гласањето ќе се изврши на наредната седница што не може да се одржи пред да изминат седум дена од донесувањето на одлуката да се пристапи кон гласање за отповикување".

Член 33

Во член 189 став 1, 2 и 3 зборовите „околиската изборна комисија" се заменуваат со „Републичката изборна комисија".

Член 34

Член 190 се менува и гласи:

„Одредбите на член 187 до 189 сходно се применуваат и во врска со неправилностите во изборот и отповикувањето на одборници на Градското собрание".

Член 35

Во член 191 точ. 2 зборовите „односно за околиско собрание" се бришат.

Член 36

Член 195 се брише.

Член 37

Член 196 се менува и гласи:

„До донесувањето на закон односно статут со кој ќе се регулира кој се смета како член на задруга, право да учествуваат на собирите на работните луѓе што се одржуваат за предлагање кандидати за одборници за подгрупата земјоделство на групата стопанство на соборот на работните заедници на општинските собранија имаат, покрај земјоделците — членови на задругата или друга работна организација, и членовите на нивните домаќинства што се занимаваат со земјоделие".

Член 38

Член 197 се менува и гласи:

„Сите дејства и акти на државните органи како и сите поднесоци и други списи во врска со спроведувањето на изборите односно отповикувањето на одборниците на општинските собранија и Градското собрание се ослободени од плаќање на такси кои се приход на Републиката".

Член 39

Член 198 се брише.

Член 40

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието да го утврди пречистениот текст на Законот за избор на одборници на општинските собранија и Градското собрание на Скопје.

Член 41

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

## СОДРЖИНА

Страна


3. Одлука за прогласување на Уставниот закон за измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — — — — 17

Уставен закон за измена на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — 17

4. Одлука за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — 18

Закон за изменување и дополнување на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — — — — — 18

5. Указ за прогласување на Законот за подрачјата на општините во Социјалистичка Република Македонија — — — — — — 19

Закон за подрачјата на општините во Социјалистичка Република Македонија — — 19

6. Указ за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија — — 27

Закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија 27

7. Указ за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на одборници на општинските и околиските собранија — — — — — — — — — 29

Закон за изменување и дополнување на Законот за избор на одборници на општинските и околиските собранија — — — — 29


**Издавач: „Службен весник на СРМ" — новинско-издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември" бр. 10-а Пошт. фах. 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 802-11/1-698 при Народната банка — Скопје. Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.**